# Национална стратегија-основен предуслов за безбедна крвна трансфузија-наши искуства

Камчев Н., Дејанов И., Витларова Ј., Камчева М. Иванова Л.
РЕ Трансфузиологија, Медицински центар, Штип, Р. Македонија

Службата за Трансфузиона медицина е одговорна за “сигурна„ , ефикасна и континуирана снабденост со крв, клеточни концентрати и плазма продукти на нашата рржава. Во наредните години таа треба да посвети поголемо внимание на еден од своите приоритети: подигнување на нивото на сигурност и воведување на систем на квалитет. Сигурна крв е онаа крв која не содрѓи ниту вируси, бактерии, паразити, ниту лековми, алкохол, хемиски и други супстанци, кои можат да предизвикаат болест, опасност или повреди кај принателот.

За постигнување на висок степен на сигурност на трансфундитаната крв и крвни продукти потребни се: многу финансиски средства, опременост на трансфузиолошките служби, користење на високо специфични и сензитивни тестови, донесување национална стратегија и здравствени работниците.

Истражувањата покажаа дека ризикот од трансмисивни инфекции е пропорционален со недостат со недостатоците во трансфузискиот систем, т.е. неспособноста за соочување со новите предизвици, промени, непостоење на соодветна законска регулатива, недоволен скрининг на дарителите, слаба комуникација со пациентите и докторите, употреба на фамилијарна и платена крв, отсуство на Национална програма за сигурна трансфузија, нарушени комуникации меѓу трансфузиските служби и соодветните институции во државата.

Донесување национална стратегија претставува основен предуслов за обезбедување на сигурна трансфузија на крв.